**20101653568**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 и член 32 од Законот за извршување на Буџет на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија” бр.156/09 и 95/10), член 9 став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр.146/09), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/06, 88/08 и 31/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.12.2010 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2010 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/10, 11/10, 26/10, 39/10, 61/10, 74/10, 94/10 и 129/10) во делот I во воведната реченица износот „5 326 700 000,00“ се заменува со износот „5 318 700 000,00“, во заградата по бројот 159/09 се додава бројот „95/10“, а износот „17 000 000,00“ се заменува со износот „9 000 000,00“.

Во табелата во точката 5 во колоната „вкупен износ во денари“ износот „61 000 000,00“ се заменува со износот „53 000 000,00“ и во „вкупно“ износот „5 326 700 000,00“ се заменува со „износот „5 318 700 000,00“.

2. Во делот VII во воведната реченица износот „61 000 000,00“ се заменува со износот „53 000 000,00“.

Во табелата потточка 5.3. во колоната „Вид на мерка“ по зборот „терен“ се додава запирка и се додаваат следните зборови: „изработка и одржување на софтверско решение за релизација на програмата“.

Во табелата во точка 5, потточка 5.4. износот „400 000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Потточката 5.5. се менува и гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.5. | Финансиска поддршка за изработка на национална комуникациска стратегија за промоција на органското земјоделско производство | - прифатливи трошоци за осмислување, продукција и реализација на комуникациска стратегија за подигнување на свеста на граѓаните за значењето на органската храна во вкупен износ од 2 000 000,00 денари | 2 000 000,00 |

Во потточка 5.7. износот „200 000,00“ се заменува со износот „195 000,00“,
во потточка 5.8. износот „1 000 000,00“ се заменува со износот „300 000,00“,
во потточка 5.9. износот „450 000,00“ се заменува со износот „330 000,00“,
во потточка 5.10. износот „2 300 000,00“ се заменува со износот „625 000,00“,
во потточка 5.11. износот „1 500 000,00“ се заменува со износот „0,00“,
во потточка 5.12. износот „1 000 000,00“ се заменува со износот „500 000,00“,
во потточка 5.14. износот „2 000 000,00“ се заменува со износот „0,00“,
во потточка 5.15. износот „1 600 000,00“ се заменува со износот „500 000,00“ и во Вкупно износот „61 000 000,00“ се заменува со износот „53 000 000,00“.

3. Во делот XI во став 4 датумот „31.12.2010 година“ се заменува со датумот „15.11.2010 година“.

4. Во делот XIV во став 3 алинеја б) датумот „30.08.2010 година“ се заменува со датумот „15.11.2010 година“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-7580/1
14 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.